Дневни билтени

2015

Февруари
Март
Април
Мај
Јуни
Јули
Август
Септември
Октомври
Ноември
Декември

2016

2017

2018

2019

2020

Извадок на дел од дневни настани 25.10.2020

На 24.10.2020 во 22,00 часот, полициски службеници од СВР Скопје на подрачјето на Центар, ги лишиле од слобода Д.Р.(26) и Д.С.(31) двајцата од Скопје затоа што при извршен преглед кај нив била пронајдена марихуана. По документирање на случајот против нив ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 24.10.2020 во 23,45 часот, полициски службеници од СВР Скопје на подрачјето на Центар, го лишиле од слобода Д.М.(30) од Кратово затоа што при извршен преглед кај него била пронајдена марихуана. По документирање на случајот против него ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 24.10.2020 во 16,30 часотбило пријавено декаво Скопје на бул.„Александар Македонски", патничко моторно возило „фолксваген голф" со скопски регистарски ознаки управувано од Т.В. од Крива Паланка удрило во пешак на возраст од 15 години од Скопје. Во незгодата со тешки телесни повреди се здобил пешакот констатирани во Градската општа болница „Св.Наум Охридски". Извршен бил увид на местото на настанот од увидна екипа од СВР Скопје.

СВР Охрид поднесе кривична пријава против Н.Ј.(36) од Охрид, поради постоење основи на сомнение за сторени кривични дела „разбојничка кражба", три „тешки кражби" и една „тешка кражба во обид". Тој, кривичните дела ги извршил во периодот јули-септември 2020 година во куќи во Охрид, каде влегувал користејќи подесен алат. Притоа одземал пари, накит и други вредни предмети.

На 24.10.2020 во 21,15 часот во близина на с.Крупиште-општина Карбинци, во населбата Ванчо Прке, биле забележани, а потоа приведени 13 мигранти од Авганистан. Се работи на расчистување на случајот.

На 24.10.2020 во 21,00 часот било пријавено дека на подрачјето на Центар во казино А.М. (24) и Т.М.(50) двајцата од Скопје биле физички нападнати од К.О.(24) од Скопје. Се работи на расчистување на случајот.

На 25.10.2020 во 00,20 часот на подрачјето на Кисела Вода С.П.(57) и Р.Т.(55) двајцата од Скопјеагресивно се однесувале кон полициски службеници кои извршувале службени дејствија. По документирање на случајот, против нив ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 25.10.2020 во 00,50 часот А.Ј.(20) од Скопје пријавил дека во Градски парк тој и М.Ј. (19) биле физички нападнати од неколку лица. Се работи на расчистување на случајот.

На 24.10.2020 во 17,30 часот В.Л.(63) од Скопје пријавила дека на подрачјето на Центар две лица физички ја нападнале и и одзеле чанта и торба.Се работи на расчистување на случајот.

На 24.10.2020 во 23,50 часот В.И.(41) од Куманово пријавил дека во Куманово неговиот 16 годишен син бил физички нападнат од неколку лица. Се работи на расчистување на случајот.

На 24.10.2020 во 12,15 часот О.Г.(51) од с.Канино пријавил дека во нива во атар на с.Канино лоцирана на место викано Водениците Г.М.(55) од с.Канино физички го нападнал.Се работи на расчистување на случајот.

На 24.10.2020 во 11,00 часот И.К.(51) од Кавадарци пријавил дека во Кавадарци неговата ќерка била физички нападната од едно лице. Се работи на расчистување на случајот.

На 24.10.2020 во13,00 часот било пријавено дека воТетово на место викано "Кале" била пронајдена минофрлачка граната 80 мм. Извршен бил увид на местото на настанот од увидна екипа од СВР Тетово, а од Дирекцијата за заштита и спасување била безбедно подигната.

На 24.10.2020 во 20,34 часот О.Ѓ. пријавила дека во ценатрот на Скопје три лица физички ја нападнале и и одзеле чанта. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 24.10.2020 во 21,20 часот во с.Милетино Д.Ѓ.(29) од с.Милетино физички нападнал полициски службеник. Тој приведен во Полициското одделение Жеровјане и против него ќе следи соодветен поднесок.

На 25.10.2020 во 05,00 часот било пријавено дека на подрачјето на Бутел во казино едно лицефизички го нападнало вработениот и со закана одзело пари. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

Секој упад и злоупотреба на веб страницата на МВР е казнив по член 251 од КЗ на Република Северна Македонија

Министерство за внатрешни работи на Република Северна Македонија, ул.Димче Мирчев бр.9, 1000 Скопје.

тел: +389 (0)2 3 117 222 факс: (02)3112468 е-пошта: kontakt@moi.gov.mk

Изработено од Унет